**ДП.бр.12-4-12/2024**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ во состав од Кети Арсова извршител, како заменик Претседател на Дисциплинска комисија и Гордана Цутеска извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Тања Милева од Апелационен суд Скопје, судија Јетмир Хамзаи од Основен суд Гостивар и Душица Димитриеска од Совет на Јавни обвинители на РСМ, како членови на Дисциплинска Комисија и Снежана Пижевска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка.бр.12----- од 04.10.2024 година на Претседателот на Комората на извршители на РСМ, согласно член 67 став 2 точка б) од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр. 72/16, 142/16, 233/18,14/20 и 154/23) на ден 29.10.2024 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

На извршител С.П. од Т. именуван за подрачјето на Основен суд Т., му се изрекува привремена забрана за вршењето на должноста – суспензија.

Привремената забрана за вршење на должноста -суспензија на извршител С.П. од Т., стапува на сила веднаш со нејзиното донесување и трае се до правосилноста на одлуката за изрекување на дисциплинска мерка -Привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител во траење од 6 месеци.

Образложение

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ постапувајќи по Предлог за поведување на дисциплинска постапка бр.12--- од 04.10.2024 година на Претседателот на Комората на извршители на РСМ, на главен претрес на ден 29.10.2024 година донесе Решение ДП 12-4-12/2024 со кое извршител С.П. од Т., именуван за подрачјето на Основен суд Т. со седиште на ул. ---- во Т., се огласува за виновен за сторена дисциплинска повреда по член 66 став 1 алинеја 10 и 12 од Законот за извршување:„склучува договори во свое име за други лица, или во туѓо име за себе, или учествува во правна работа во која презема службени дејствија како извршител, спротивно на овој закон." и „незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето" опишана во **точка 1** од Предлогот, па му се изрекува дисциплинска мерка Привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител во траење од шест месеци. Извршителот С.П. од Т. сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 20 од Законот за извршување:„при преземање на дејствија сторил повреда која како таква е пропишана со друг закон."опишана во **точка 2** од Предлогот, па му се изрекува дисциплинска мерка, Привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител во траење од три месеци. Извршителот С.П. од Т. сторил дисциплинска повреда по член 64 став 1 алинеја 2 од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр. 72/16, 142/16, 233/18,14/20 и 154/23) „Ги повредува правилата на Етичкиот кодекс на однесување на извршителите",

опишани во **точка 3** од Предлогот, па му се изрекува дисциплинска мерка, ЈАВНА ОПОМЕНА,

па врз основа на секоја утврдена поединечна дисциплинска мерка му се одмерува единствена дисциплинска мерка - Привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител во траење од шест месеци.

Согласно член 67 став 2 точка б) од Законот за извршување, Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ донесе одлука со која привремено му се забранува вршење на должноста извршител – суспензија на извршител С.П. од Т., се до правосилноста на одлуката за Привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител во траење од шест месеци, од причина што беа исполнети законските услови за изрекување на привремена забрана за вршење на должноста-суспензија.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на ден 29.10.2024 година, врз основа на член 67 став 2 точка б) од Законот за извршување одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против оваа одлука дозволена е тужба до Управен суд на РСМ во рок од 30 дена по прием.

Д.Н. : Извршител С.П. од Т.
Претседател на КИРСМ
Извршител А.К. од Г., заменик извршител на извршител С.П.
Министерство за правда на РСМ
Претседател на Основен суд Т.
Архива

**Дисциплинска комисија при КИРСМ**
Заменик Претседател,
Кети Арсова

----------------------------------------------